**Проф. д-р Африм Османи**[1]
**М-р Ридван Ибраими**[2]

# ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО АНТИКОРУПЦИЈА

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.352:347.19**
**343.85:343.352]:006.85**

## Апстракт

Во овој труд, авторите се осврнуваат на еден поинаков начин, односно пристап спрема корупцијата и превенцијата на нејзините можни форми. Во теоријата, но и во практиката речиси секогаш се зборува за корупцијата и нејзините форми, а многу малку се дебатира за изнаоѓањето нови модели-методи и решенија за справување. Но, во својата работа, честопати сите сме изложени на напади при вршењето на своите професионални должности, но и на организациите со коруптивни методи и на коруптивен начин.

Оттука, во трудот, авторите се осврнуваат на изнаоѓањето нови алатки, и тоа современи за справување со корупцијата и нејзините форми, кои всушност ги спречуваат службените лица во вршењето на своите должности со коруптивни дејства. Посебно се става акцент на антикорупциската заштита на организациите, било тоа да се од јавниот, приватниот или од невладиниот сектор.

Авторите заклучуваат дека се потребни дополнителни истражувања и анализи на антикорупциската политиката, врз основа на кои ќе произлезат дополнителни предлози за законски измени во насока на изнаоѓање нови алатки и методи во превенцијата на корупцијата и нејзините форми.

Гореизнесеното оди во насока на превенција и намалување на бројот на коруптивни ситуации и случаи, не само спрема службените лица, туку и спрема организациите.

**Клучни зборови:** организации, ISO-стандарди, антикорупциска политика, антикорупциски систем, управување, итн.

## Вовед

Веќе станува императив на секое слободно општество, односно секоја демократска држава да изнајде нови решенија со цел спречување и превенција на едно од најраспространетите зла, а во современото зло на една демократија тоа е корупцијата. Ние,

[1] Редовен професор, Универзитет во Тетово, Правен факултет – Тетово, Катедра за казнено право.
Е-пошта: afrim.osmani@unite.edu.mk
(https://unite.edu.mk/faculty/fakulteti-juridik/).
[2] MA degree in economics sciences
Е-пошта: Ibraimiridvan@gmail.com.

како нова демократија, која е во развој, се стремиме кон зачленување во европските структури, подготвени сме да го трасираме тој пат и да ги инкорпорираме сите најнови решенија во битката против организираниот криминал и корупцијата. Во оваа насока, веќе ја ратификувавме ***Конвенцијата од Палермо***[3], која веќе е дел од нашиот правен систем, и сите решенија од Конвенцијата се инкорпорирани во нашето казнено законодавство.[4]

Во теоријата, но и во практиката речиси секогаш се зборува за одговорност на правните лица, како и на другите службени лица, а многу малку се дебатира за нивната заштита од корупција.

Но, во својата работа, правните лица и службените лица честопати се изложени на напади и при вршење на своите професионални должности. Оттука, во трудот се осврнуваме на антикорупцискиот зафат и на заштитата на организациите.

На светскиот пазар, корупцијата станува еден од елементите на новиот поредок, кој некои го нарекуваат ***каубојски капитализам*** или ***казино-капитализам***, еродирајќи ги темелните закони на пазарната економија заснована врз здрава конкуренција и сведувајќи го, на пример, прашањето на меѓународни лицитации и тендери на прашање на колку што е можно повисоко договорен поткуп.[5] Корупцијата претставува злоупотреба на јавната функција со цел остварување лична корист за себе или за друг. Во казненоправна смисла, поимот на корупцијата ги опфаќа делата на примање поткуп (*пасивно поткупување*), давање поткуп (*активно поткупување*) и тргување со влијание поради злоупотреба на јавните овластувања на службено, одговорно или лице што врши работа од јавен интерес, како и секоја злоупотреба на службената положба на сторителот поради остварување лична корист.[6]

Во оваа насока, приближно дефинирање за корупцијата дава и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.[7] Така, според чл. 2 ст. 1, ***под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг***.

Секоја држава се труди на свој начин да ја спречи секоја форма на корупцијата, па така и ние, како држава, го следиме патот на најразвиените демократии, а посебно кога е во прашање спречувањето на корупцијата.

Во оваа насока, на повидок е нова алатка за справување со корупцијата и нејзините форми, која демократскиот свет веќе почна да ја имплементира при функционирањето на организациите, а тоа е ***Системот за управување со антикорупција***[8], систем што е опфатен и регулиран со ***Стандардот ISO 37001***.

## 1. Поим и содржина на стандардот ISO 37001

***Стандардот ISO 37001*** е нова алатка за справување со поткупот, која за првпат ја среќаваме кај нас. Инаку, станува збор за Систем за управување со антикорупција во организации (*Anti-Bribery Management System*).

---

[3] Конвенцијата на ООН против организираниот транснационален криминал.
[4] https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=XVIII-12&chapter=18&clang=_en
[5] Камбовски, В. „Организиран криминал“, Скопје, 2005, стр. 294.
[6] Ibid. стр. 293.
[7] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12 од 19 јануари 2019 година.
[8] Anti-Bribery Management System.

Овој стандард опфаќа повеќе политики и процедури на антикорупција што ги имплементира една организација со цел да превенира поткуп, но и да идентификува каков било случај на поткуп. Станува збор за стандард објавен во октомври 2016 година од страна на ***Меѓународната организација за стандардизација***[9], која е непрофитна и независна меѓународна организација основана во Женева.[10]

Инаку, *Меѓународната организација за стандардизација* е меѓународна организација за развој на стандарди составена од претставници на националните организации за стандардизација на земјите членки. *Меѓународната организација за стандардизација* е независна, непрофитна, невладина меѓународна организација основана на 23 февруари 1947 година и (од ноември 2022 година) има објавено над 24 500 меѓународни стандарди што ги покриваат речиси сите аспекти на технологијата и производството. Организацијата развива и објавува стандардизација во сите технички и нетехнички области, освен електротехниката и електронското инженерство, со кои се занимава IEC[11]. Седиштето на *Меѓународната организација за стандардизација* е во Женева, Швајцарија, и работи во 167 земји од 2023 година. Службени јазици на ISO се англискиот, францускиот и рускиот јазик.[12]

Стандардот ISO 37001 се однесува само на организациите, така што може да го користат малите, средните и големите организации, и тоа од јавниот, приватниот и од невладиниот (доброволниот) сектор. Стандардот може да се користи од широк опсег на организации бидејќи е дизајниран да биде флексибилна алатка, која може да се приспособи според големината и природата на организацијата и ризикот од поткуп со кој се соочува. Инаку, Стандардот ISO 37001 може да биде применет во која било земја во која оперира и е активна организацијата.[13]

Бидејќи различните правни системи различно го дефинираат поткупот, Стандардот ISO 37001 не дава конкретна дефиниција за поткуп, но дава насоки за да им помогне на корисниците да ги разберат намерата и опсегот на самиот стандард. Стандардот бара организацијата да ја земе предвид применливата законска дефиниција за поткуп во земјите во кои работи и да преземе чекори за да се осигури дека нејзините управувачки контроли се соодветни за да се спречи поткуп, како што е дефинирано во тие јурисдикции.[14] Така, нашиот *Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси* ја дефинира само корупцијата, но не конкретно и директно поткупот. Така, според чл. 64 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[15], *службено лице на кое му е* ***понуден поткуп*** *е должно да преземе мерки за идентификација на понудувачот и да го пријави на надлежен орган*. Затоа, Стандардот ISO 37001 се однесува само на поткупот, но не и на другите криминални активности, иако организацијата може да избере да го прошири опсегот на својот систем за управување со усогласеноста за да вклучи и такви активности.

---

[9] International Organization for Standardization (ISO).
[10] GIACC (Global Infrastructure Anti-corruption Centre), "OVERVIEW OF INTERNATIONAL STANDARD ISO 37001, Anti-Bribery Management System Standard ", A.D. page. 2
(Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org)).
[11] International Electrotechnical Commission.
[12] https://en.wikipedia.org/wiki/International_Organization_for_Standardization
[13] Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org).
[14] GIACC (Global Infrastructure Anti-corruption Centre), "OVERVIEW OF INTERNATIONAL STANDARD ISO 37001, Anti-Bribery Management System Standard ", A.D. page. 6
(Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org)).
[15] „Службен весник на Република Македонија" бр. 12 од 19 јануари 2019 година.

Конвенцијата на Обединетите нации против корупција од 2003 година содржи општи одредби во врска со соработката со приватниот сектор, промовирање на интегритетот и транспарентноста меѓу приватните субјекти. Конвенцијата не ги дефинира ниту структурата, ниту, пак, формалните барања на програмата за усогласеност против корупцијата.

Инаку, Стандардот ISO 37001 го опфаќа:[16]

- поткупот од страна на организацијата и од персоналот на организацијата или деловните соработници што дејствуваат во името на организацијата или во нејзина корист; и
- поткупот на организацијата или на персоналот на организацијата или деловните соработници во врска со активностите на самата организација.

## 2. Мерки против поткупот предвидени со Стандардот ISO 37001

Стандардот ISO 37001 има влијание врз спроведувањето на Системот за управување со антикорупција во организациите, па дури и влијание врз владините антикорупциски политики во одредени земји. Но сепак, прерано е да се суди за потенцијалната улога на Стандардот ISO 37001 како глобален, широкопризнаен стандард во сегашната фаза на имплементација.

Затоа, против корупцијата и нејзините форми се предвидува да се преземаат повеќе мерки со една единствена цел, а тоа е нејзината превенција. Така, Стандардот ISO 37001 ги предвидува следниве мерки против поткуп:[17]

- спроведување на политиките и на процедурите против поткуп;
- одговорност на највисокото раководство на организацијата за спроведувањето и ефективноста на политиката против поткуп и обезбедување соодветна посветеност и лидерство во овој поглед;
- назначување одговорно лице за надгледување на усогласеноста против поткуп од страна на организацијата. Назначеното лице може да биде со полно работно време или со скратено работно време, во зависност од големината на организацијата, и може да ја комбинира оваа одговорност со други одговорности;
- воспоставување контроли за донесување одлуки во однос на трансакции со низок ризик од поткуп. Процесот на одлучување и нивото на овластување на одлучувачот мора да бидат соодветни на нивото на ризик од поткуп и да бидат ослободени од реалните или потенцијалните конфликти на интереси;
- достапност на ресурсите (персонал, опрема и финансиски) потребна за ефективно спроведување на ABMS[18];
- спроведување соодветна проверка и контроли врз персоналот на организацијата дизајнирани да се осигурат дека тие се компетентни и дека ќе се усогласат со политиката против поткуп и ABMS[19], но и дека може да бидат дисциплински одговорни доколку не се усогласат;

---

[16] Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org).

[17] GIACC (Global Infrastructure Anti-corruption Centre), "OVERVIEW OF INTERNATIONAL STANDARD ISO 37001, Anti-Bribery Management System Standard ", A.D. page. 7-9
(Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org)).

[18] ABSM – Anti-bribery Management System.

[19] Ibid.

- спроведување обуки за борба против поткуп и/или насоки за персоналот за политиката против поткуп и ABMS;
- чување соодветна документација во врска со дизајнот и имплементацијата на политиката против поткуп и ABMS;
- преземање периодични процени на ризикот од поткуп и соодветно испитување на трансакциите и деловните соработници;
- спроведување соодветни финансиски контроли за да се намали ризикот од поткуп;
- спроведување соодветни набавки, комерцијални и други нефинансиски контроли за да се намали ризикот од поткуп (на пр. поделба на функции, два потписа на одобренија за работа итн.);
- спроведување мерки против поткуп од страна на сите други организации над кои има контрола, кои се разумни и пропорционални на природата и степенот на ризиците од поткуп;
- спроведување контроли за подароци, гостопримство, донации и слични бенефиции за да се спречи нивно користење за поткуп;
- спроведување постапки за известување (поткажување) што ги охрабруваат лицата да пријават сомнителен поткуп или какво било прекршување или слабост во ABMS;
- спроведување процедури за истражување и соодветно справување со секое сомнително или вистинско поткупување или прекршување на ABMS;
- следење, мерење и проценување на ефективноста на процедурите за ABMS;
- спроведување внатрешни ревизии во планирани интервали што проценуваат дали ABMS е во согласност со барањата на ISO 37001 и дали се спроведува ефективно;
- спроведување периодични прегледи од страна на функцијата за усогласеност и врвното раководство за ефективноста на ABMS;
- поправање на секој идентификуван проблем со ABMS и подобрување на ABMS, доколку е потребно.

## 3. Придобивките и последиците од (не)имплементација на Стандардот ISO 37001

Поткупот може да има многу сериозни негативни последици за организацијата и за нејзиниот персонал. Затоа, во интерес на организацијата е да презема разумни и пропорционални чекори за да се спречи појавата на поткуп. Вообичаено, многу поевтино и помалку нарушувачко за една организација е да спроведе контроли за да спречи појава на поткуп, отколку да се справи со последиците во случај на појава на поткуп. Во оваа фаза на имплементација, Стандардот ISO 37001 нема обврзувачки карактер, што значи дека не ги обврзува организациите задолжително да го применуваат, но секоја сериозна организација би имплементирала ваков стандард, бидејќи преку овој стандард организацијата создава посебна визија за своето функционирање, односно создава своја иднина.

Затоа, имплементацијата на Стандардот ISO 37001 може да ѝ биде од корист на организацијата, и тоа:[20]

- со специфицирање на потребните политики и процедури, Стандардот ISO 37001 ѝ помага на организацијата во спроведувањето на ABMS[21] или во подобрувањето на

[20] GIACC (Global Infrastructure Anti-corruption Centre), "OVERVIEW OF INTERNATIONAL STANDARD ISO 37001, Anti-Bribery Management System Standard ", A.D. page. 5
(Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org)).
[21] Anti-Bribery Management System.

нејзините постојни контроли, односно помага да се спречи појавата на поткуп и може значително да го намали неговото влијание, доколку се случи;

- помага да се обезбеди гаранција за менаџментот и сопствениците на организацијата дека нивната организација има имплементирано меѓународно признаени добри практики на контроли против поткуп и затоа презема чекори за намалување на ризикот и какви било негативни последици;
- ѝ помага на организацијата да обезбеди уверување за своите клиенти, деловни соработници и персоналот дека има имплементирано меѓународно признаени добри практики против поткуп и затоа ѝ помага на организацијата да добие работа, да регрутира добар персонал и да ја зајакне нејзината репутација;
- организациите може да бараат од нивните главни изведувачи, добавувачи и консултанти да обезбедат докази за усогласеност со Стандардот ISO 37001 како дел од нивниот процес на претквалификација;
- во случај на истрага за поткуп, која ја вклучува организацијата, помага да се обезбедат докази до обвинителите и судовите дека организацијата презела разумни чекори за да го спречи поткупот. Затоа, помага да се избегне гонење или да се ублажи исходот.

Од перспектива на една организација, има многу потенцијални негативни последици доколку таа се вклучи во поткуп и затоа ја оправдуваат организацијата да преземе соодветни чекори за спречување на поткупот во однос на активностите на самата организација. Поради овие причини, се бара да се превенира поткупот во една организација, а тоа може да се постигне само со имплементација на новата алатка за справување со поткупот, т. е. Стандардот ISO 37001. Неимплементирањето на овој стандард значи зголемување на ризиците од поткуп во рамките на една организација. Овие ризици може да бидат од различна природа.

- ***Етички фактори:*** Од меѓународна и национална перспектива, митото сега пошироко се смета за неетички и неприфатливо. Тоа е една од најголемите пречки за добро владеење и развој на безбедна и соодветна инфраструктура. Средствата што би можеле да се искористат за училишта, патишта, болници итн., корумпираните луѓе ги пренасочуваат за нивна приватна употреба. Безбедносните и еколошките процедури може коруптивно да се избегнат, а тоа, за жал, резултира со ризична инфраструктура и лоши услови за живот.[22]
- ***Правен ризик:*** Меѓународната и националната правна средина брзо се менува како одраз на зголемената желба на луѓето ширум светот да го спречат поткупот.[23]
- ***Ризик за безбедност и квалитет:*** Од перспектива на организацијата, поткупот може негативно да влијае врз нејзината безбедност и управување со квалитетот. Митото што ѝ го плаќа подизведувачот на организацијата, на надзорникот на локацијата на организацијата за да се превиди лошото управување со безбедноста на локацијата, може да резултира со смрт или со лична повреда. Мито платено од добавувачот на менаџерот за набавки на организацијата може да доведе до тоа организацијата да купува производи со слаб квалитет на кои им е потребна поправка или замена. Затоа, ефективното управување со безбедноста и квалитетот бара и ефективни контроли против поткуп.[24]

---

[22] Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org).
[23] Ibid.
[24] Ibid.

- ***Финансиски ризик:*** Вклучувањето во поткуп може да резултира со финансиски ризик за самата организација, и тоа: *а) за казни изречени од правосудните органи или регулаторите; б) за исплатен надоместок на други страни погодени од поткупот; в) за внатрешните трошоци за управување и надворешни правни трошоци за истрага и справување со поткупот и сите последователни правни дејства; г) за трошоци за справување со барањата за смрт или за лична повреда како резултат на поткуп; д) за трошоци за купување производи што се прескапи поради поткуп или за поправање неисправни производи.*[25]
- ***Репутациски ризик:*** Вклучувањето во поткуп може да резултира со репутациски ризик за самата организацијата и за нејзиниот персонал. Печатените медиуми често објавуваат написи за поединци и организации вмешани или гонети за поткуп. Поединец вмешан во поткуп не може да се вработи. Клиентите не се подготвени да прават бизнис со организација вмешана во поткуп.[26]

## 4. Влијанието на Стандардот ISO 37001 врз ризикот од поткуп во организацијата

Како што нагласивме и погоре, целта на имплементацијата на Стандардот ISO 37001 не е целосното искоренување на корупцијата и нејзините форми при функционирањето на една организација, туку нејзината превенција.

Затоа, не е можно целосно да се елиминира ризикот од поткуп, но сепак, имплементирањето на ABMS[27] може да помогне да се увери организацијата дека има имплементирано разумни и пропорционални мерки дизајнирани за спречување, откривање и справување со поткуп, и на тој начин да се минимизира ризикот од поткуп и неговите последици.[28]

Не само оваа алатка, туку и која било друга за справување не може да обезбедат целосно елиминирање на ризикот од поткуп. Затоа, целта на Стандардот ISO 37001 е превенција само на поткупот или, пак, минимизирање на сите можни ризици од појава на поткуп во рамките на една организација, било тоа да е од јавен, приватен или, пак, невладин сектор.

### Надлежни органи за акредитација (сертификација) на Стандардот ISO 37001

Со цел воспоставување меѓународен стандард, како признаена (легална) алатка за успешно функционирање на една организација мора да подлежи на акредитација, односно сертификација. Единствениот орган за акредитација што ги акредитира, односно ги сертифицира организациите со меѓународните признаени стандарди во Република Северна Македонија е ***Институтот за акредитација (ИАРСМ)***.

***Што е акредитација?*** Акредитацијата е формално признавање на оспособеноста за извршување одредени активности. Во постапка за акредитација може да се вклучат сите лаборатории што изведуваат тестирање или калибрација, тела за сертификација на

---

[25] Ibid.
[26] Ibid.
[27] Anti-bribery Management System.
[28] GIACC (Global Infrastructure Anti-corruption Centre), "OVERVIEW OF INTERNATIONAL STANDARD ISO 37001, Anti-Bribery Management System Standard ", A.D. page. 10
(Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org)).

производи, системи и персонал, како и инспекциските тела. Тие може да бидат самостојни или во состав на поголеми системи. Основа за работа во подрачјето на акредитирање, тестирање, сертифицирање и контрола се стандардите од серијата EN 45000 и ISO 17000. ИАРСМ е организирана и работи во согласност со Стандардот МКС EN ISO/IEC 17011. При својата работа, ИАРСМ користи и други документи на ЕА што подетално ги разгледуваат горенаведените стандарди за одредени подрачја на акредитација. Одлуката за акредитација е доброволна. Акредитацијата, на недискриминаторски начин, е достапна за секој клиент што ќе достави пријава за акредитација до ИАРСМ. За изведување тестирање, калибрација, сертификација и инспекција во регулираната област, акредитацијата е пропишана со закон или подзаконски акт и е основа за добивање овластување од страна на соодветното министерство.[29]

Прашањето на акредитацијата директно го регулира Законот за акредитација[30], според кој ***акредитација е потврдување од страна на националното тело за акредитација дека определено тело за оцена на сообразноста ги задоволува барањата предвидени со хармонизираните национални стандарди и каде што тоа е применливо, сите дополнителни барања, вклучително и оние предвидени во релевантните секторски шеми за акредитација, потребни за вршење специфична дејност за оцена на сообразноста***.[31]

Според чл. 6 од Законот за акредитација, ИАРСМ врши акредитација на тела што вршат сертификација на системи за управување (со квалитетот, со животната средина, со безбедноста, со сигурноста и друго). Во рамките на овој член се опфаќа и сертификација на системите за управување, како што е и Системот за управување со антикорупција.

Република Северна Македонија е единствената држава во регионот што воведува сертификација на Стандардот ISO 37001, односно *Antibribery Management System*.

**Наместо заклучок**

Стандардот ISO 37001 е вредна алатка што им помага на организациите да воспостават, да имплементираат и да одржуваат ефективен ABMS. Изборот за имплементација на овој стандард зависи од специфичните потреби на самата организација.

Ниту еден закон, конвенција, кодекс или стандард нема целосно да го искорени проблемот со поткупот. Поткупот е сеприсутен. Доаѓа во многу форми, се појавува во секоја организација и влијае врз секој географски регион. Сепак, овие предизвици не се оправдување за да не се вклучи компанијата активно во Стандардот ISO 37001. Во сите случаи, поткупот ја поткопува довербата на јавноста во институциите и деловните фер практики. Поткуп, исто така, може да биде и многу дискриминаторска форма на корупција.

Бидејќи во нашата држава се преземаат првите чекори од Стандардот ISO 37001, неопходно е да се истражуваат начините за активирање на сертификацијата ABMS преку подлабоки истражувања и анализи. Со други зборови, неопходно е да се изведе специфичен план за активирање од гледна точка на препознавање и практичниот сектор поврзан со стекнување и работење.

Се очекува дека стекнувањето на сертификацијата на Стандардот ISO 37001 ќе ја зголеми организациската транспарентност и кредибилитет и ќе го поттикне создавањето

[29] https://iarm.gov.mk/што-е-акредитација/
[30] „Службен весник на РМ“ бр. 120 од 02.10.2009 година.
[31] Чл. 2 т. 1 од Законот за акредитација.

здрава култура. За таа цел, неопходно е да се зголемат разбирањето и свеста за важноста на сертификацијата ABMS преку зајакнување на социјализацијата и обуката.

Транспарентноста при функционирањето на една организација е алатка за спречување и борба против корупцијата и нејзините форми.

Практиките вклучуваат антикорупциска обука за внатрешни засегнати страни, како што се директорите, менаџерите, вработените и директните засегнати страни, како и клиентите и добавувачите. Но, овие аспекти треба да вклучуваат иницијативи за одржливо образование за корпоративно граѓанство и антикорупција за членовите на заедницата и граѓаните. Освен ова, државата треба да промовира иницијативи и јавни политики што придонесуваат за општеството на одржлив развој без корупција.

Но сепак, потребни се натамошни анализи на антикорупциските политики и казнување на делата што ја опфаќаат корупцијата во поширока временска рамка и преку анализа на добри практики да се утврдат добрите страни од имплементацијата на Стандардот ISO 37001 врз основа на што и ќе произлезат дополнителни предлози за законски измени во насока на создавање законски услови за имплементација на оваа нова алатка за справување со корупцијата, а посебно со поткупот.

**Користена литература**


- Certification: ISO 37001 – GIACC (giaccentre.org).
- GIACC (Global Infrastructure Anti-corruption Centre), “OVERVIEW OF INTERNATIONAL STANDARD ISO 37001, Anti-Bribery Management System Standard “, A.D.
- https://en.wikipedia.org/wiki/International_Organization_for_Standardization
- https://iarm.gov.mk/што-е-акредитација/
- https://magazine.iaca.int/anti-corruption-compliance-standards-and-guidelines-time-for-codification/
- https://treaties.un.org/pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=XVIII-12&chapter=18&clang=_en
- ISO – International Organization for Standardization.
- Закон за акредитација („Службен весник на РМ“ бр. 120 од 02.10.2009 година).
- Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12 од 19 јануари 2019 година).
- Камбовски, Владо „Организиран криминал“, Скопје, 2005 година.

**Prof. Dr. Afrim Osmani**[32]
**MA, Ridvan Ibraimi**[33]

# INTRODUCTION OF ANTI-BRIBERY MANAGEMENT SYSTEM

**Abstract**

In this paper, the authors refer to a different way, that is, an approach to corruption and the prevention of its possible forms. In theory, but also in practice, corruption and its forms are almost always discussed, and very little is debated about finding new models-methods and solutions for handling. But in our work, we are often exposed to attacks while performing our professional duties, but also to organizations with corrupt methods and in a corrupt manner.

Hence, in the paper, the authors refer to finding new, modern tools for dealing with corruption and its forms. Which actually prevent officials from performing their duties, with corrupt methods. It specifically addresses the anti-corruption protection of organizations, be they from the public, private or non-governmental sector.

The authors concludes that additional research and analysis of the anti-corruption policy is needed, based on which additional proposals for legal changes will be made in the direction of finding new tools and methods in the prevention of corruption and its forms.

The above goes in the direction of prevention and reduction of the number of corrupt situations and cases, not only against officials, but also against organizations.

**Keywords:** organizations, officials, ISO standards, anti-corruption system, management, etc.

[32] Full professor, "University of Tetova", Faculty of Law, Department of criminal law.
E-mail: afrim.osmani@unite.edu.mk (https://unite.edu.mk/faculty/fakulteti-juridik/).
[33] MA degree in economics sciences E-mail: Ibraimiridvan@gmail.com.